# АРХИТРАВНИ ГРЕДИ ПОСВЕТЕНИ НА МАКЕДОНСКИТЕ ВЛАДЕТЕЛИ

Господин Паскал Камбуровски, автор на книгата "Гробот на Александар Македонски" веќе подолго време укажува на фактот дека постои текст врежан на две греди од храмот во археолошкиот локалитет Исар Марвинци, кој е недоволно проучен, а е многу важен за македонската историја. Тој постојано апелира поради значајната содржина на натписот повторно да биде проанализиран, со цел да се дознае историската вистина содржана во него.

Господинот Камбуровски ја достави и скицата каде е прикажан оригиналниот текст на двете греди кои претставуваат една целина:



Греда 1:

ΜΑΚΕΔΟΝΙΑΡΧΩΝΤΟΝ
ΠΑΝΤΙΤΩΚΟΣΜΟ ΤΟ ΘΚΤ

Греда 2:

ΝΑΟΝΤΗΠΑΤΡΙΔΙ
ΕΤΕΙ

Според тоа што го изнесе Камбуровски, станува збор за комплетен натпис врежан во две архитравни греди од светилиште, посветено на македонските владетели од името на татковината, изградено од целиот народ во 34-43 г.н.е. (56-65 г.н.е.). Локалитетот Исар Марвинци може да се претвори во вистински бисер како сведоштво за македонското културно богатство.


ПЗУ СТОМАТОЛОШКА ОРДИНАЦИЈА
**ДЕНТА НОВА**

- пломбирање
- лечење
- вадење
- протетика
- ортодонција
- имплантологија

Њу Делхиска 4
локал 11 , Скопје
+389 75 577 600
+389 75 471 947
denta_nova@yahoo.com



SO OVOJ KUPON IMATE 20 % POPUST
ZA STOMA TOLO[KI USLUGI VO
ORDINACIJATA "DENTA NOVA "